ПОШТАРИНАТА Е ПЛАТЕНА ВО ГОТОВО

СМРТ НА ФАШИЗМОТ — СЛОБОДА НА НАРОДОТ!

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 12 | 30-IV-1946 | Год. II

Службен весник на Народна Република Македонија излегува повремено. Ракописите се праќаат на адреса: Одделение за печат — отсек службен весник на Н. Р. М. — Скопје. Ракописите не се враќаат

Цена 5 динари од табак. Претплата за 6 месеци 135 динари за една година 250 динари. Огласите се прифаќаат по тарифата објавена во Службен весник на Н. Р. М. бр. 7/46. Чековна сметка бр. 83109

114

ЗАПИСНИК

ОД I-ТО ЗАСЕДАНИЕ НА РЕДОВНОТО ЗАСЕДАНИЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НРМ

одржано на 15 април 1946 година во гр. Скопје

Претседавал потпретседателот на Президиумот на Народното Собрание на НРМ Д-р Димитар Несторов.

Секретар, секретарот на Президиумот на Народното Собрание на НРМ Д-р Борис Спиров.

Потпретседателот на Президиумот на НС НРМ Д-р Дим. Несторов го отвара I-то заседание на Редовното заседание на Народното Собрание на НРМ во 9,30 часот со читање на Указот на Президиумот на НС НРМ за свикување Народно Собрание на Редовно заседание на 15 април 1946 година.

Секретарот на Президиумот на НС НРМ Д-р Борис Спиров врши прозивка на Народните претставители.

Потпретседателот на Президиумот на НС НРМ Д-р Дим. Несторов констатира да се присутни 118 од се 165, а осатни 47 народни претставители и објавува да Народното Собрание има форум и може да донесува полноважни решенија

II. — Потпретседателот на Президиумот на НС НРМ Д-р Дим. Несторов предлага од името на Президиумот до Народното Собрание следниот дневен ред:

1) Извештај на Мандатниот одбор при Народното Собрание на НРМ;

2) Извештај на Одборот за молби и жалби при Народното Собрание НРМ и

3) Доклад на Президиумот на Народното Собрание на НРМ за работа од 15 април 1945 од. до 15 април 1946 година.

Предложениот дневен ред се прима едногласно.

След това се дава одмор од 10 минути.

После одморот — во 10,15 часот потпретседателот на Президиумот на НС НРМ Д-р Дим. Несторов дава думата на известителот на Мандатниот одбор народниот претставител свеш. Јован Голев Шако, кој известува дека 5 народни претставители на НС НРМ го губат мандатот по причина на смрта си и предлага на Народното Собрание да уважи оставката на народниот претставител Методија Андонов Ченто.

Со едноминутно молчание народните претставители одадоа почит на умрелите народни претставители и едногласно уважиа оставката на Методија Андонов Ченто.

Известителот на Одборот за молби и жалби при Народното Собрание на НРМ Кемал Сејфула чита Извештајот на Одборот за молби и жалби, кој се прима едногласно.

Чита се Докладот на Президиумот на НС НРМ за работата му од 15 април 1945 год. до 15 април 1946 година од секретарот на Президиумот на НС НРМ Д-р Борис Спиров.

След това се дава одмор од 5 минути.

После одморот, во 11 30 часа заседанието продолжуе со дискусија по Докладот на Президиумот на НС НРМ.

Говориле: Кирил Кретев-Платник, „за", Ристо Бајалски „за", Милева Сабо „за" Борис Аликсоски-Карче „за„ Боге Кузмановски „за" и Димче Зографски „за" и кој предлага на Народното Собрание да донесе 1) Решение за одобрување работата на Президиумот од 15 април 1945 год. до 15 април 1946 год.; 2) Решение за уважување оставката на Президиумот на НС НРМ; 3) Решение за овластување сегашниов Президиум да раководи работата на Собранието до изборот на нов Президиум и 4) Решение за избор на кандидационен одбор во состав: Љупчо Арсов, Гојчо Стефкоски, Васил Калајџиски, Д-р Нецат Аголи и Лазо Соколов кои да предложат составот на новиот Президиум на Народното Собрание на НРМ.

Сите предлози народните претставители ги одобруаат едногласно.

По тоа Президиумот предложуе дневен ред за идното заседание, кој Народното Собрание го усвои едногласно.

По тоа потпретседателот Д.р Дим. Несторов го заклучуе заседанието во 12 часот, а идното го закажуе за 15 април 1946 год. во 16 часот со дневен ред:

1) Читање на записникот од претходното заседание;

2) Експозе на Министерот на финансите на НРМ

3) Експозе на Министер-претседател на Владата на НРМ;

4) Извештај на Финансискиот одбор на НС НРМ и

5) Дискусија во начало по проекто-финансовиот закон и буџето-проектот за 1946 година.

Скопје, 15 април 1946 година.

Секретар, Потпредседател,

Д-р Борис Спиров с. р. Д-р Димитар Несторов с. р.

115

ЗАПИСНИК

ОД II-ТО ЗАСЕДАНИЕ НА РЕДОВНОТО ЗАСЕДАНИЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НРМ ОДРЖАНО НА 15 АПРИЛ 1946 ГОДИНА ВО ГР. СКОПЈЕ

Претседавал потпретседателот на Президиумот на НС НРМ Д-р Димитар Несторов.

Секретар, секретарот на Президиумот на НС НРМ Д- Борис Спиров.

Потпретседателот на Президиумот Д-р Димитар Несторов го отвара II-то заседание на редовното заседание на Народното Собрание на НРМ во 16 ч.

Секретарот на Президиумот на НС НРМ Д-р Борис Спиров го чита Записникот од II-то заседание на Редовното заседание на Народното Собрание на НРМ и истиот се прима без забелешка.

Се прејдуе на дневниот ред: експозе на Министерот на финансиите на НРМ Даре Џамбас.

Министерот на финансиите на НРМ др. Даре Џамбас во својот долг збор го даваат својот експозе по буџетот за 1946 на Народната Република Македонија, па после това потпретседателот на Президиумот на НС НРМ Д-р Дим. Несторов го заклучуе заседанието во 17,40 часа и идното го закажуе за вторник, 16 април 1946 година, во 10 часот со дневен ред: продолжуење дневниот ред од II-то заседание.

Скопје, 15 април 1946 година.

Секретар. Потпретседател.
Д-р Борис Спиров с. р. Д-р Димитар Несторов с. р.

116

РЕШЕНИЕ

НА РЕДОВНОТО НАРОДНО СОБРАНИЕ НА НРМ ЗА

одобруење работата на Президиумот на Народното Собрание на НРМ за времето од 15 април 1945 год. до 15 април 1946 година.

Народното Собрание на Н. Р. М. на заседанието одржано на 15 април 1946 година на предлог на народниот претставител Димче Заграфски да се донесе решение за одобруење работата на Президиумот на НС НРМ за времето до 15 април 1945 год. до 15 април 1946 година реши:

Редовното заседание на Народното Собрание на Н. Р. М., след като изслуша Докладот на Президиумот на Народното Собрание на НРМ за работата му од 15 април 1945 година до 15 април 1946 година одобрува и потврдува сите закони, укази решенија декрети и другите работи на Президиумот донесени од 15 април 1945 година до денеска

Скопје, 15 април 1946 година. Бр. 302

Секретар. Потпретседател.
Д-р Борис Спиров с. р. Д-р Димитар Несторов с. р.

117

РЕШЕНИЕ

НА РЕДОВНОТО НАРОДНО СОБРАНИЕ НА НРМ ЗА

уважуење оставката на Президиумог на НС НРМ

Народното Собрание на Н.Р.М. на заседанието одржано на 15 април 1946 година на предлог на народниот представител Димче Зографски да се уважи оставката на Прзидиумот на Народното Собрание на НРМ реши:

Се уважава оставката на Президиумот на Народното Собрание на Македонија.

Скопје, 15 април 1946 год. Бр 303

Секретар. Потпретседател.
Д-р Борис Спиров с. р. Д-р Димитар Несторов с. р.

118

РЕШЕНИЕ

НА РЕДОВНОТО НАРОДНО СОБРАНИЕ НА НРМ ЗА

овластуење досегашниот Президиум на НС НРМ да раководи работата на Народното Собрание на НРМ до избирање на нов Перзидиум на НС.

Народното собрание на Н. Р. М. на заседанието одржано на 15 април 1945 година на предлог на народниот представител Димче Зографски да се овласти досегашниот Президиум на НС НРМ да раководи работата на Народното Собрание на НРМ до избирањето на нов Президиум реши:

Се овластуе досегашниот Президиум на НС НРМ да раководи работата на Народното Собрание на НРМ до избирањето на нов Президиум.

Скопје, 15 април 1946 година. Бр. 304

Секретар. Потпретседател.
Д-р Борис Спиров с. р. Д-р Димитар Несторов с. р.

119

РЕШЕНИЕ

НА РЕДОВНОТО НАРОДНО СОБРАНИЕ НА НРМ ЗА

избирање Кандидациони одбор кој ке состави и предложи листа за Президиумот на Народното Собрание на НРМ

Народното Собрание на НРМ на заседанието одржано на 15 април 1945 година на прдлог на народниот представител Димче Зографски да се избере Кандидационен одбор кој да состави и предложи листа за Президиумот на НС НРМ реши:

За Кандидационен одбор да се избират народните представители:

1) Љупчо Арсов,
2) Гојчо Стевкоски,
3) Васил Калајџиски,
4) Нецат Аголи и
5) Лазо Соколов

Скопје, 15 април 1946 год. Бр. 305

Секретар. Потпретседател.
Д-р Борис Спиров с. р. Д-р Димитар Несторов с. р.

120

ЗАПИСНИК

ОД III-ТО ЗАСЕДАНИЕ НА РЕДОВНОТО ЗАСЕДАНИЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НРМ

одржано на 16 април 1946 година во гр. Скопје

Претседавал потпретседателот на Президиумот на НС НРМ Д-р Димитар Несторов.

Секретар секретарот на Президиумот на НС НРМ Д-р Борис Спиров.

Потпретседателот на Президиумот Д-р Дим. Несторов го отвара заседанието точно во 10,10 часа.

Членот на Президиумот Епаминонд Попандонов го чита записникот од миналото заседание и истиот се прима без забелешка.

Потпретседателот на Президиумот Д-р Дим. Несторов известува Собрание да е получена телеграма од народниот представител генерал-лејтнант Михаило Апостолски, кој поради служебна работа не може да присаствува на Заседанијата. Народното Собрание му одобрува отсуството.

Се прејдуе на дневниот ред: Експозе на министер-претседателот на Владата на НРМ др. Лазо Колишевски.

Министер-претседателот на Владата на НРМ др. Лазо Колишевски во својот говор го даде своето експозе за работата на Владата од 16 април 1945 година до денеска и по политичкото положение во страната.

По това потпретседателот на Президиумот на НС Д-р Дим. Несторов дава думата на известилецот на Финансовиот одбор при Народното Собрание на НРМ др. Исак Сион.

Известилецот на Финансовиот одбор при Народното Собрание на НРМ др. Исак Сион чита Извештај на Финансовиот одбор, кој се прима единногласно.

Потпретседателот на Президиумот на НС Д-р Дим. Несторов дава одмор од 10 минути.

След одморот се минава на следната точка од дневниот ред: Дискусија по експозето на Министерот на Финансиите, по експозето на министер-претседателот на Владата и Извештајот на Финансовиот одбор.

Говориле: Киро Миљовски „за" Димче Зографски „за", Мито Теменугов „за", министерот на градежите Киро Петрушев за работа на министерството на градежите.

Потпретседателот Д-р Дим. Несторов го прекрстува заседанието во 13 часа, и објавува да истото ке продолжи во 16 часа со продолжуване на дискусијата.

Во 16.20 часа заседанието продолжуе.

Говориле: Томо Кутурец „за". Александар Мартулков „за", Ацо Петровски „за" и Димитар Влахо „за" мин. на индустријата Георги Василев.

Потпретседателот на Президиумот Д-р Дим. Несторов дава одмор од 10 минути.

След одморот заседанието продолжи во 18,10 часа.

Говориле: Министерот на индустријата и рударството инж. Георги Василев, за работата на министерството Ристо Бајалски „за", Кемал Сејфула „за", Епаминонд Попандонов „за". Министерот на земјоделието и шумарството Богоја Фотев за работа на министерството на земјоделието и шумарството, Стоилко Ивановски „за" Генадие Лешко „за" и министерот на правосудието Павел Шатев за работата на Министерството на правосудието.

Во 20.25 часа потпретседателот на Президиумот на НС Д-р Дим. Несторов го заклучи заседанието и идното го закажа за среда, 17 април 1946 година во 8 часа со продолжение на дневниот ред: Дискусија по експозето на министерот на финансиите, по експозето на министерот на финансиите, по експозето на министер-претседателот и Извештајот на Финансовиот одбор.

Скопје 16 април 1946 год.

Секретар, Потпретседателот
Д-р Борис Спиров с. р. Д-р Димитар Несторов с. р.

121

ЗАПИСНИК

ОД IV-ТО ЗАСЕДАНИЕ НА РЕДОВНОТО ЗАСЕДАНИЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НРМ

одржано на 17 април 1946 година во Скопје

Претседавал потпретседателот на Президиумот на НС НРМ Д-р Димитар Несторов.

Секретар — секретарот на Президиумот на НС НРМ Д-р Борис Спиров.

Потпретседателот на Президиумот Д-р Дим. Несторов го отвара заседанието во 8,25 часа со продолжение на дискусијата по експозето на Министерот на финансиите, министер-претседателот и Извештајот на финансовиот одбор при НС НРМ.

Членот на Президиумот Епаминонд Попандонов го прочита Записникот од миналото заседание, кој се прими со исправката: думата „долг" во врска со говорот на министер-претседателот се брише.

Говориле: полковникот Тодор Звезди „за". Густав Влахов „за". Министерот на Сојузната влада и народниот претставител Бане Андреев „за" Киро Глигоров „за", Крсте Црвенковски „за" и свешт. Јован Гелев „за".

Дава се одмор од 10 минути.

След одморот заседанието продолжуе во 10,30 часа.

Говориле: Министерот на просветата Никола Минчев за работата на Министерството на просветата, Благој Хаци Панзов „за", Јован Алтнпармаков „за", Министерот на внатрешните работи Цветко Узуновски за работата на Министерството на внатрешните работи и I потпретседател на Владата на НРМ и претседател на Контролната Комисија министерот Љупчо Арсов за значението на Законот за Контролната комисија.

Пошто листата на говорниците беше исцрпена а по предлог на народниот претставител инж. Киро Георгиев да се преј де на дневен ред: гласање во начало на финансовиот закон и буџетот на НРМ за 1946 година, се мина на гласување на финансовиот закон и буџетот по начало.

Потпретседателот на Президиумот објави да се гласувањето врши со дигање рака „за" и „против".

Гласувале „за" сите присатни народни претставители.

„Против" никој не е гласал.

По това потпретседателот објави да е примен во начело финансовиот закон и буџетот на НРМ за 1946 година.

След това потпретседателот предложи за следобедното заседание следниот дневен ред:

1) Разгледување и гласање на финансовиот закон и буџетот на НРМ за 1946 година во поединости и изгласување во целина и

2) Избор на Президиум.

Предложениот дневен ред се прими единогласно.

Идното заседание се закажа за среда 17 април 1946 година во 16 часа.

Заседанието го заклучи потпретседателот на Президиумот во 12,20 часа.

Скопје, 17 април 1946 година.

Секретар, Потпретседател,
Д-р Борис Спиров с. р. Д-р Димитар Несторов с р

122

ЗАПИСНИК

ОД V-ТО ЗАСЕДАНИЕ НА РЕДОВНОТО ЗАСЕДАНИЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НРМ

одржано на 17 април 1946 година во гр Скопје

Претседавал потпретседателот на Президиумот на НС НРМ Д-р Димитар Несторов.

Секретар-секретарот на Президиумот на НС НРМ Д-р Борис Спиров.

Потпретседателот на Президиумот Д-р Дим. Несторов го отвара заседанието во 16.25 часа со читање на дневниот ред:

1) Разгледување и гласање на финансовиот закон и буџетот на НРМ за 1946 година и изгласување во целина и

2) Избор на Президиум.

Членот на Президиумот Епаимноид Попандонов го прочита Записникот од миналото заседание и истиот се прими без забелешка.

Се преј дуе на првата точка од дневниот ред Потпретседателот на Президиумот објавува да прво ке се разгледува и гласа буџетот по раздели со дигање рака „за" и „против" а след това финансовиот закон.

Известилацот на финансовиот одбор др. Исак Сион чита буџетот и Народното Собрание гласајки со рака единогласно го усвоуе Оделот А — расходи Разделот I (Президиум на Народното Собрание на Македонија, Претседателство на Народната влада, Кооперативна Комисија, Комисија за обнова на земјата, Комисија за војна штета, Верска Комисија, Контролна комисија, Статистички уред, Статистичка служба во народните одбори, Уред за цени Управа на народните имоти), Разделот II — Министерство на внатрешните работи; Разделот III — Министерство на правосудието; Разделот IV Министерство за финансии Разделот V Министерство правосудието Разделот VI — Министерство на градежите; Разделот VII — Министерство на народното здравје; Разделот VIII — Министерство на

социалната политика; Разделот IX — Министерство на трудот; Разделот X — Министерство на трговија и снабдуење; Разделот XI — Министерство на индустријата и рударство; Разделот XII — Министерство на земјоделието; Разделот XIII — Буџетски ревервни кредити; Оделот Б Разделот I — непосредни даноци; Разделот I — приходи од привредни установи; Разделот III — Вишок приходи од привредни предпријатија; Разделот IV — Дел од прометни данок и такси; Разделот V — Разни ситни приходи и Разделот VI — Даноци од општиот буџет.

Потпретседателот на Президиумот Д-р Дим. Несторов објавува да буџетот на НРМ за 1946 год. е примен во поединости единогласно

Известилацот на финансовиот одбор Исак Сион чита финансовиот закон на НРМ за буџетската 1946 година.

Чита се чл. 1. Народниот претставител Густав Влахов прави забелешка да е погрешна збирната цифра.

Министерот на финансиите Даре Џамбаз зајавуе да е тука печатна грешка и моли да се збирната цифра исправи на 470,651.000.— динари.

Член први се прима единогласно. Читат се членовите 2, 3 4, 5, 6 7, 8, 9. 10 11, 12 13 14, 15, 16, 17, 18, 19. 20 21, 22, 23, 24, 25, 26 и 27 и истите се примат единогласно.

Чита се чл. 28. Народниот претставител Боро Равњански е на мнение последната реченица од ал. 1 на чл. 28 да се измени или брише пошто не е удобно да се набавките вршат само од едно лице па макар това било и по нормирани цени, заради това што нормата на стоките е во променуење и имат тенденција на спагјање.

Министерот на финансиите зајавуе да тука се мисли повеќе на покупките од државните предпријатија.

Известилацот на финансовиот одбор Исак Сион зајавуе да това е факултативно, пошто думата „може" дава слобода на наредбодателот покупката да ја повери на едно или повеќе лица.

I потпретседател на Владата и претседател на Контролната Комисија — министерот Љупчо Арсов зајавуе да во овој стадиј на изгласувањето на финансовиот закон не можат да се предлагат измени ја, а да това става со благовремено подаване на амандман и предлага да се мине на гласане по чл. 28.

Член 28 се усваја без изменение со еден глас „против"

Читат се чл чл. 29 и 30 и истите се примат единогласно. Чита се чл. 31. Народниот претставител Киро Крстевски — Платник бара објаснение што значи думата „бановински"

Известилацот на фин. одбор Исак Сион објаснуе да това се односи на пензиите на бившите бановински чиновници, кои треба да бидат платени на терет на бившите бановински фондови.

Се минува на гласање и чл. 31 се прима единогласно.

Читат се чл. чл 32 и 33 и истите се примат единогласно.

Потпретседателот на Президиумот Д-р Дим Несторов објавуе да финансовиот закон е примен во поединости единогласно и моли членот на Президиумот Епаминонд Попандонов да направи прозивка со која ке се поименично гласа во целина буџетот и финансовиот закон.

Членот на Президиумот Епаминонд Попандонов врши прозивка на народните претставители, кои со „за" се изјаснуват за буџетот и финансовиот закон.

Потпретседателот на Президиумот констатира да од 117 народни претставители кои се присатни сите се гласале „за". Отсутни са 47 народни претставители и објавуе дека Буџетот на НРМ и финансовиот закон за 1946 година се примени како по начало, во поединости и целина единогласно.

Дава се одмор од 15 минути.

След одморот се минава на втората точка од дневниот ред: Избор на Президиум.

Известилацот на Кандидациониот одбор Љупчо Арсов чита листата на составот на Президиумот која се предлага на Народното Собрание:

Претседател Богоја Фотев, министер на земјоделието и шумарството.

I потпретседател Павел Шатев, министер на правосудието,

II потпретседател Абдураим Мемед, II потпретседател на Владата,

Секретар Наум Наумовски — Борче, член на Главниот одбор на Н. Ф. за Македонија;

Членови:

1) Димитар Влахов, претседател на Главниот одбор на Н. Ф. за Македонија и член на Президиумот,
2) Панко Брашнаров, член на Президиумот,
3) Мара Нацева, член на Президиумот,
4) Акиф Леши, член на Президиумот,
5) Д-р Милош Јаковлевич, член на Президиумот,
6) Страхил Гигов, член на Извршниот одбор на Главниот одбор на Н. Ф. за Македонија,
7) Ацо Петровски, член на Президиумот,
8) Тихомир Милошевски, потпуковник на Ј. А.,
9) Д-р Стериа Боздов, член на Президиумот,
10) Видоје Смилевски, народен пратеник,
11) Епаминонд Попандонов, член на Президиумот.

Сите народни претставители со акламација и дигање на носи единогласно приемат составот на Президиумот.

Потпретседателот Д-р Дим. Несторов објавува да новиот Президиум е избран единогласно со акламација и моли новиот Президиум да заеме местата.

Новиот Президиум заема местата си и претседателот Богоја Фотев благодари на народните претставители за укажаното доверие и од името на новиот Президиум зајавува да ке ги вложи сите сили за добро и среќа на Македонскиот народ

По това дава думата на Претседателот на Владата н НРМ др. Лазо Колишевски.

Претседателот на Владата на НРМ Лазо Колишевски подцртува сполучливиот избор на Президиумот. След това поднесува оставка на Владата

Претседателот на Президиумот Богоја Фотев дава думата на народниот претставител инж. Киро Жерновски.

Народниот претставител Киро Жерновски предлага Народното Собрание да донесе Решение за уважавање оставката на Владата на НРМ и Решение за давање мандат на Лазо Колишевски за состав на нова Влада на НРМ.

Народното Собрание единогласно и со акламација ги уважи двете предложени решенија од др. Киро Жерновски.

Членот на Президиумот др. Ацо Петровски предлага Народното Собрание да донесе Решение за овластување досегашната Влада на НРМ да ги врши функциите на народна влада на Македонија до составот на новата Влада.

Народното Собрание со акламација и единогласно го усвоуе предлогот на др. Ацо Петровски

Мандаторот Лазо Колишевски благодари за укажаното доверие.

Претседателот на Президиумот Богоја Фотев го заклучува заседанието во 19,30 часа и идното го закажуе за четврток, 18 април 1946 година во 17 часа со дневен ред: Извештај на мандаторот Лазо Колишевски за состав на Влада на НРМ.

Скопје, 17 април 1946 година

Секретар, Наум Наумовски с р.

Претседател, Богоја Фотев с. р.

123

РЕШЕНИЕ
НА РЕДОВНОТО НАРОДНО СОБРАНИЕ НА НРМ
ЗА
уважавање оставката на владата на Н.Р.М.

Народното Собрание на Н. Р. М. на заседанието одржано на 17 април 1946 година, на предлог на народниот претставител Кирил Жерновски да се донесе Решение за уважавање оставката на Владата на НРМ реши:

Се уважава оставката на Владата на Народната Република Македонија.

Скопје, 17 април 1946 година.

Секретар, Претседател,
Наум Наумовски с. р. Богоја Фотев с. р.

124

РЕШЕНИЕ
НА РЕДОВНОТО НАРОДНО СОБРАНИЕ НА НРМ
ЗА
давање мандат на Лазо Колишевски за состав на Влада на НРМ.

Народното Собрание на НРМ на заседанието одржано на 17 април 1946 година на предлог на народниот претставител Кирил Жерновски да се повери мандат на Лазо Колишевски за состав на Влада на НРМ реши:

Дава се мандат на др. Лазо Колишевски за состав на Влада на Народната Република Македонија.

Скопје, 17 април 1946 година. Бр. 314

Секретар, Претседател,
Наум Наумовски с. р. Богоја Фотев с. р.

125

РЕШЕНИЕ
ЗА
овластување досегашната Влада на НРМ да ги врши функциите на Владата на НРМ до образуење на нова Влада на НРМ

Народното Собрание на Н. Р. М. на заседанието одржано на 17 април 1946 година, по предлог на народниот претставител Ацо Петровски да се овласти досегашната Влада на НРМ да ги врши функциите на Влада на НРМ до образуењето на нова Влада на НРМ реши:

Се овластува досегашната Влада на НРМ да ги врши функциите на Влада на НРМ до образуење на нова Влада на НРМ

Скопје, 17 април 1946 година. Бр. 315

Секретар, Претседател
Наум Наумовски с. р. Богоја Фотев с. р.

126

ЗАПИСНИК
ОД VI-ТО ЗАСЕДАНИЕ НА РЕДОВНОТО ЗАСЕДАНИЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НРМ
одржано на 18 април 1946 година во гр. Скопје

Претседавал претседателот на Президиумот на НС НРМ Богоја Фотев.

Секретар — секретарот на Президиумот на НС НРМ Наум Наумовски.

Претседателот на Президиумот го отвара заседанието во 17,15 часа. Предлага на Народното Собрание изменение во дневниот ред: како втора точка да биде предлог на Президиумот за образуење министерство на трудот при Владата на НРМ а како четврта точка избирање на одбори при Народното Собрание.

Народното собрание единогласно го усвоуе предложението на Претседателот на Президиумот и се минава на првата точка од дневниот ред.

I. — Секретарот на Президиумот на НС НРМ Наум Наумовски чита Записникот од минатото заседание.

Се јавува за збор народниот претставител полковник Тодор Sвездин кој зајавуе да пошто не бил присатен на поименичното гласање за буџетот и финансовиот закон, и пошто во својот говор по дискусијата за буџетот во поединости се изјаснил да ке гласа „за" моли да се внесе исправка во записникот во тој смисол да и тој гласа „за".

Исправката на Тодор Sвездин се прима и пошто никој друг не е направил примедба записникот се прима со исправката на Тодор Sвездин.

II. — Минава се на втората точка од дневниот ред.

Претседателот на Президиумот чита писмото од Владата на НРМ бр. 3250 од 18 април 1946 г. и предлага на Народното Собрание да донесе Решение за образување Министерство на трудот при Владата на НРМ

Предложението се прима единогласно од Народното Собрание.

III. — Минава се на третата точка од дневниот ред.

Мандаторот Лазо Колишевски предлага следниот состав на Владата на НРМ:

За Министер-претседател Лазо Колишевски, досегашен министер-претседател на Владата на НРМ;

За прв потпретседател на Владата и Претседател на Контролната комисија Љупчо Арсов досегашен прв потпретседател на Владата и претседател на Контролната комисија;

За втор потпретседател на Владата Д-р Нецат Аголи досегашен министер на социалната политика;

За министер на внатрешните работи Цветко Узуновски, досегашен министер на внатрешните работи;

За министер на финансиите Даре Џамбас, досегашен министер на финансиите;

За министер на индустријата и рударството инж. Георги Василев досегашен министер на индустријата и рударството;

За министер на трговијата и снабдуењето Димо Бојановски — Дизе, досегашен Директор на „Докуп";

За министер на земјоделието и шумарството Крсте Симовски, досегашен претседател на Окружниот народен одбор за Округ Битолски;

За министер на градежите Тоде Ношпал, досегашен министер на трговијата и снабдуењето;

За министер на просвета Никола Минчев, досегашен министер на просветата;

За министер на народното здравје Д-р Вукашин Попадич, досегашен министер на народното здравје;

За министер на социјалната политика Д-р Борис Спиров, досегашен секретар на Прездиумот на Народното Собрание на НРМ;

За министер на правосудството Васил Калајџиски, досегашен претседател на Врховниот суд за Македонија и

За министер на трудот Киро Петрушев, досегашен министер на градежите.

Сите народни представители со акламација и дигане на нози го одобруваат составот на Владата на НРМ

Дава се одмор од 15 минути за да положи Владата клетва.

После одморот заседанието продолжава. Претседателот на Президиумот Богоја Фотев соопштава дека Владата положила пред Президиумот установената согласно Законот клетва и објавува да со това Владата стапува во должност.

Министрите заемат своите места.

IV. — Минава се на четвртата точка од дневниот ред.

Народниот представител Владо Малевски предлага за Одборот за молби и жалби при Народното Собрание следните народни представители:

1) Кирил Михајловски.
2) Илија Топалоски.
3) Васил Карангелески.
4) Кемал Сејфула,
5) Наум Наумовски и
6) Д-р Јаков Сарафич.

Народното Собрание единогласно го усвоуе горниот предлог

Народниот представител Владо Малевски предлага за Законодавниот одбор при НС следните народни представители:

1) Никола Вражалски.
2) Георги Ивановски,
3) Д-р Георги Гаврилски.
4) Лазар Гиноски.
5) Киро Георгиевски,
6) Гојчо Стефкоски,
7) Илија Илиевски,
8) Благој Левков.
9) Тома Кутурец,
10) Димче Бељовски и
11) Лазар Мојсов.

Народното Собрание единогласно го усвоуе горниот предлог.

Народниот представител Благој Левков предлага за финансискиот одбор при НС следните народни представители:

1) инж. агр. Јордан Блажевски.
2) инж. агр. Славко Поп Антоски.
3) Ристо Бајалски,
4) Димче Зографски,
5) Видоје Смилески,
6) Д-р Киро Миљовски.
7) Александар Петрович,
8) Исак Сион
9) Борко Темелкоски — Љиљак.
10) Душко Лукаревски и
11) Веселинка Малинска.

Народното Собрание единогласно го усвоуе предлогот за состав на финансовиот одбор.

Народниот представител Благој Левков предлага за Мандатен одбор при Народното Собрание следните народни представители:

1) свешт. Јован Гелев,
2) Вера Ацева,
3) Боге Кузмановски,
4) Владо Малевски.
5) Живко Бајковски,
6) Борис Поцков и
7) Наум Веслиовски.

Народното Собрание единогласно го усвои горниот предлог.

Претседателот на Президиумот Богоја Фотев чита Указот за заклучуење на Редовното заседание на Народното Собрание на НРМ и моли Народното Собрание да го овласти претседателот и секретарот на Президиумот да го потпишат записникот од овоа заседание.

Сите народни представители единогласно овластуват претседателот и секретарот на Президиумот да го подпишат записникот од овоа заседание.

Претседателот на Президиумот Богоја Фотев го закри заседанието во 18.15 часа.

Скопје, 18 април 1946 година

Секретар, Наум Наумовски с. р.

Претседател, Богоја Фотев с. р.

127

УКАЗ

ЗА ЗАКЛУЧУЕЊЕ НА РЕДОВНОТО ЗАСЕДАНИЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНАТА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Како Народното Собрание на Народната Република Македонија ја заврши работата, — Прзидиумот на Народното Собрание на НРМ реши:

Редовното заседание на Народното Собрание на Народната Република Македонија повикано со Указ на Прзидиумот на 15 април 1946 година да се заклучи.

Скопје, 18 април 1946 година. Бр. 322.

Президиум на Народното Собрание на Народната Република Македонија

Секретар, **Наум Наумовски, с. р.**

Претседател, **Богоја Фотев, с. р.**

128

На основание чл. 102, во врска со членовите 86 и 87 од Уставот на Федедративна Народна Република Југославија и на основанне чл. 3 од Законот за Народната влада на Македонија. — Нродното Собрание на Народната Република Македонија на своето заседание одржано на 18 април 1946 година, донесе следното

РЕШЕНИЕ

ЗА

основуењето на Министерството на трудот на НРМ

Чл. 1

Се основува Министерството на трудот на Народната Република Македонија.

Чл. 2

Овоа решение влегува во сила со денот на неговото излегуење.

Скопје, 18 април 1946 година. Бр. 321

Президиум на Народното Собрание на Народната Република Македонија

Секретар, **Наум Наумовски, с. р.**

Претседател, **Благоја Фотев, с. р.**

129

На основание чл. 12 и 16 од Законот за удруженијата саборите и др. јавни зборови, а по исполнение на условијата од чл. 13, 14 и 15 од Законот по предметот за одобрение за оценивањето и работата на „Сојузот на ловиските друштва на Македонија", Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија го донесуе следното:

РЕШЕНИЕ

Се одобруе спрам поднесените правила и програма, основуење на работата на „Сојузот на ловиските друштва во Македонија" со седалиште во Скопје, а со делатност на подрачјето на Народна Република Македонија.

Решено во Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија на ден 27 април 1946 год. бр. 2088/46.

Помошник министер,
Б. Чушкар с. р.

РЕШЕНИЈА ОТ ПЕРСОНАЛЕН КАРАКТЕР

Се назначуе Пандора Стојанова за чистачка во Катлановската бања.

Назначението да се смета од денот на постапуењето. — Бр. 340.

Елпиники Кјосич, заболекарка се мобилизира граѓански и се дава на работа во забната поликлиника во гр. Битола. — Бр. 335

Се назначуе Душан Станковски од Кучевиште за служител во Катлановската бања.

Назначението да се смета од денот на постапуењето. — Бр. 336.

Се назначуе Спасо Миланов Станковски за лаборант во државната аптека Куманово.

Назначението да се смета од денот на постапуењето. — Бр. 339.

Се назначуе Исмаил Исмаилов, за обеззаразител во здравниот отдел при окол. народен одбор Струмица.

Назначението да се смета од денот на постапуењето. — Бр. 341.

Се назначуе Здравко Бошков Мирчевски во „УНРАЛ" за истраживање и собирање на лековити билки.

Назначението да се смета од денот напостапуењето. — Бр. 342.

Се назначуе Владимир Мартинов Стефанов во „УНРАЛ" за истраживање и собирање на лековитите билки.

Назначението да се смета од денот на постапуењето. — Бр. 343.

Се ослободуе од должноста Дара Маневска пом. готвачка во Акушерското школо — Скопје.

Ослободуењето да се смета од 1 IV 1946 година. — Бр. 344.

Се назначуе Анастас Јонче Каровски за рентгентехник-лаборант во здравствената станица во Охрид а се дава на работа во противотуберкулозниот диспензер Охрид.

Назначението да се смета од 19 III 1946 година. — Бр. 345.

Се ослободуе од должност Косара Симич, перачка во Акушерското школо во интерес на службата.

Ослободуењето да се смета од 1 IV 1946 год. — Бр. 346.

Се назначуе Нада Божиновска за перачка во акушерското школо, Скопје.

Назначението да се смета од денот на постапуењето. — Бр. 347.

Се назначуе Вилма Ранкова, за готвачка во акушерското школо — Скопје.

Назначението да се смета од денот на постапуењето. —Бр. 348.

Валентина Заблоцка мед. сестра се преназначуе во Здравствената станица Тетово. — Бр. 349.

Катерина Иконмоова, мил. сестра се демобилизира и се назначуе за мил. сестра во здравствената станица — Штип. — Бр. 261.

Зорка Авокатова, милосрдна сестра во здравствената станица Штип се преназначуе за мил. сестра во Окружната болница Штип. — Бр. 262.

Иван Кокаланов, домакин во Министерството на народното здравје, поред својата досегашна должност се назначуе за шеф на отсекот за снабдуење на болниците, поликлиниките и бањите. — Бр 263.

Се назначуе Сава Поповска за акушерка во здравствената станица во Куманово.

Назначението да смета од денот на постапуењето. — Бр. 265.

Јелка Спирова Георгиева, болничарка во училиштето за акушерка Скопје се ослободуе од должност.

Ослободуењето да се смета од 1 IV 1946 год. — Бр. 274.

Се назначуе Панче К. Насков од Св. Николе за пом. аптекар во државната аптека — Св. Николе.

Назначението да се смета од денот на постапуењето. — Бр. 279

Се назначуе Димитар Ј. Савовски од Куршумлија за пом. аптекар во државната аптека — Кратово.

Назначението да се смета од денот на постапуењето. — Бр. 280.

Се назначуе Тодорка В. Камишевска од Велес за пом. аптекар во државната аптека Крива Паланка.

Назначението да се смета од денот на постапуењето. — Бр. 281.

Јованка Спирова Костова, инструкторка при училиштето за милосрдни сестри Скопје, се ослободуе од должноста.

Ослободуењето да се смета од 1 IV 1946 год. — Бр. 282.

Се отменуе решението бр. 201 од 27 III 1946 год. со кое Д-р Методије Тројачанец, стоматолог од Скопје се преместуе од Битолската Градска амбуланта во Скопје се преместуе од Битолската Градска амбуланта во Скопје при ГНО.

Истиот се мобилизира граѓански и е дава на работа во Централната забна амбуланта при ГНО. — Бр. 285.

Се назначуе Пенка Јованова Пановска за милосрдна сестра во Земската болница Скопје.

Назначението да се смета од денот на постапуењето. — Бр. 286.

Се ослободуе од должноста во интерес на службата Небуш Адем Шашко, чиновн. приправник во Министерството на правосудието во Скопје. — Бр. 76.

Се назначава Костадин Петров Манчев, од гр. Кавадарци, за званичник III група, во Околискиот суд во Кавадарци — Бр. 78.

Се назначава Стеван Ангелов Шојлев, од гр. Велес, за званичник II група во Околискиот суд во Велес. — Бр. 77.

Се ослободуе од должност Пенка Ј. Гигова, чиновничка во Околискиот суд во Велес. — Бр. 75.

Се преместуе Евица Илариoн Манева, чиновн. приправник X група во Околискиот суд Куманово во Околискиот суд — Скопје — Бр. 74.

Се ослободуе од должност Борко К. Кретевски, од с. Долнени-прилепско, приправник X група во Околискиот суд — Прилеп. — Бр. 66.

Се назначуе Мустафа Алипов, од гр. с. Град — Ц. селско за званичник III во Околискиот суд во Ц. Село. — Бр. 65.

Се ослободуе од должност Амет Х. Асанов од гр. Велес, служител во Околискиот суд — Берово. — Бр. 64.

Се назначуе Георги Николов Спашоски од Штип за служител II група во Околискиот суд во Штип. — Бр. 79.

Се назначуе Димитар Г. Митев за здравствен помошник во здравствената станица Кратово. — — Бр. 287.

Се ослободуе од должност по сопствено барање Кочо Иванов Костовски, домакин на Катлановската бања. — Бр. 291.

Се назначуе М-р Василије Хаци Манев за управител на V државна аптека во Скопје. — Бр. 292.

Д-р Доне Миовски до сега шеф на венеричното отделение во Земската болница Скопје се преназначуе за управител и в. д. шеф на венеричното отделение во Земската болница Скопје. — Бр. 295.

М-р Ружица Мартеновиќ, дадена на работа во Државната аптека во Кавадарци, се преместуе во Државната болница Прилеп. — Бр. 296.

Мише Иванов Гогов болничар се назначуе во здравствената станица Штип и се доделуе на работа во окружната болница Штип. — Бр. 297.

Вера Чаликијан, заботехник во забната поликлиника при градскиот народен одбор Скопје се демобилизира. — Бр. 299.

„СЛУЖБЕН ВЕСНИК" на Н. Р. М.

ОГЛАСЕН ДЕЛ

Судски огласи

ПОКАНА

Се повикуе Иван Динков Кукувиков, родом од с. Ембаре, Калјарска, Егејска Македонија, да се на 20 мај 1946 година во 8 саатот преди пладне јави во овој суд на претрес како оптуженик по оптужницата на Јавниот обвинител за гр. Скопје „И" бр. 7/46 год. за кривично дело злоупотреба во службена должност.

Од Окружниот народен суд во Скопје, 23 април 1946 год. Кр. бр. 3/46 год.

ПОКАНА

Се повикуе Перо Симеонов Мечевски од с. Зрнево (Грција) да се на 20 мај 1946 година во 8 саатот пред пладне јави во овој суд на претрес како оптуженик, по оптужницата на Јавниот обвинител за гр. Скопје „И" Бр. 197/46 год. за кривично дело кражба и злоупотреба во службена должност.

Од Окружниот народен суд во Скопје, 23 април 1946 година Кр. бр. 65/46 год.

ПОКАНА

Се повикуе Миодраг Томе Георгиевич родом од гр. Петровац — Србија а живее во гр. Скопје на улица „250" Бр. 21 да се на 20 мај 1946 година во 8 саатот пред пладне јави во овој суд на претрес, како оптуженик по оптужницата на Јавниот обвинител за гр. Скопје „И" Бр. 234/46 год. за кривично дело увреда на власта.

Од Окружниот суд во Скопје, 23 април 1946 год. Кр. Д. Бр. 24/46 год.

ОГЛАС

По барањето на Бракја Калајџиеви од Скопје, ул. 394 бр. 44, се покрена поступок за амортизација — за поништуење потврдата издадена од финансискиот отдел при ГНО — Скопје, серија 96-1942 год. под бр. 035562 — на 382.750 лева „Ч" и „Ш", која е загубена

Се покануе секој кој ја има горната потврда да во рок од месец дена, од денот кога овој оглас биде објавен во „Службен весник НР — Македонија" иста, та ја донесе во овој суд, или да стави приговор против поништуењето, во противен случај после овој рок потврдата — квитанцијата ке се огласи за поништена.

Од Околискиот народен суд — Скопје Р—806/46 г. 29 април 1946 год.

Мали оглас

Воена книшка бр. 133778 на име Игрич Милановиќ Божидар е изгубена и се огласуе за невалидна.

Воена книжица бр. 356415 на име Ивановски Марко Стоимен е огласуам за невалидна

Воена книжица бр. 361305 на име Панче Илиев Захариевски е изгубена и се огласуе за невалидна.

Воена книжица бр. 116665 издадена од Артилериска бригада на име Миодраг Чолич е изгубена и се огласуе за невалидна.

Воена книжица бр. 299620 е огласуам за невалидна — Рашкович Баирам.

Воена книжица бр. 116316 на име Милорад Атанацкович е изгубена и се огласуе за невалидна.

Воена книжица бр. 348.159 со дипломата за телеграфски испит на име Љубомир Поповиќ се изгубени и се огласуат за невалидни.

Воена книжица бр. 608050 на име Цецев Ангел е поништена и се огласуе за невалидна.

Воена книжица бр. 361932 на име Борис Томов Марков е изгубена и се огласуе за невалидна.

СОДРЖАЈ

114 Записник од I Заседание на ред. заседание на Н. С. на Н. Р. М — — — — — — стр 95
115 Записник од II Заседание на ред. заседание на Н С на Н Р М — — — — — — стр. 95
116, 117, 118, 119 Решнија на Н С на НРМ стр. 96
120 Записник од III Засдоние на редовното аседоние на Н С на Н Р М — — — — стр. 96
121, 122 Записник од IV и V заседание на редовното заседание на Н С на НРМ — — тер. 97
123, 124, 125 Решнија на Н С на НРЋ
126 Записник од VI заседание на редовното заседание на Н С на НРМ — — — — стр. 99
127 Указ за заклучуење на Редовното заседание на Н С
128 Решение на НС на НРМ за оснуење на мин. на трудот — — — — — — — — — стр 100
129 Решение за одобруење работата во Словачкиот сојуз Македонија — — — — — —тер. 101
Решенија од персонален карактер стр. 101— 102

Го издава и редактира: Одделението за печат при Претседателството на Народната влада на Народна Република Македонија — Палата НАРСМАК — соба бр. 12 — II етаж — Скопје.
Печати: Државна печатница „Гоце Делчев" Скопје